ФЗОМ

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

www.fzo.org.mk

# Условни надоместоци (буџети) на Јавните здравствени установи за 2014 година

Скопје, 30.01.2014

# Вовед

❖ *Условен буџет во Јавните здравствени установи во РМ*

***2011 **** За прв пат се воведени за периодот од април 2011 до март 2012 и станаа составен дел на договорот со 9 ЈЗУ

***2012 **** Фондот продолжи со договарање на условен буџет за периодот април - декември 2012 со 10 ЈЗУ

***2013**** Практиката продолжи и во 2013 година со договарање на условен буџет за цела календарска година со 11 ЈЗУ и

***2014**** Практиката продолжи и во 2014 година со договарање на условен буџет за цела календарска година со 15 ЈЗУ, односно со 4 нови ЈЗУ

# Вовед

## ❖ *Дефинирање на условен надоместок (буџет)*

Почнувајќи од април 2011 година во интерес на осигурените лица, кај дел од Јавните здравствени установи (ЈЗУ) покрај планот за видот и обемот за здравствените услуги кои здравствените установи треба да ги извршат во текот на договорниот период се подготви и посебен план за *определен минимален вид и обем* така наречен ***специфичен вид и обем на здравствени услуги***, односно точно дефинирани здравствени услуги кои здравствените установи треба да ги извршат во текот на договорниот период.

За овие здравствени услуги на ЈЗУ им се доделува дополнителен ***условен надоместок (буџет)*** кој е составен дел на вкупниот надоместок

# Договарање на условен буџет со ЈЗУ

❖ ***Постапка на договарање на условен буџет:***

- во рамките на преговорите со ЈЗУ пред склучување на договорите за наредната буџетска година, дел од здравствените установи во рамките на понудата за склучување договор доставуваат и посебен план за вид и обем на специфични здравствени услуги кои треба да ги извршат во договорениот период

- согласно реализирањето на овие услуги во ЈЗУ за изминатиот период и расположливите средства на Фондот се договара точно определен вид и обем на услуги и условен надоместок (буџет) за реализирање на истите.

# Договарање на условен буџет со ЈЗУ



- ***Реализација на условен буџет:***

- **Остварувањето на условниот (специфичниот) вид и обем на здравствени услуги е директно поврзан со износот на условниот договорен надоместок и здравствената установа мора во целост да ги исполнува на квартално ниво, за да го обезбеди договорениот надоместок.**

# Следење на условен буџет во ЈЗУ

- *По истекот на секој квартал*
- *ЈЗУ до ФЗОМ доставуваат фактури и пресметка за остварените здравствени услуги планирани со условен буџет*
- *Податоците се споредуваат со податоците на Фондот добиени од ДСГ груперот за ДСГ услугите*
- *Контроли од ФЗОМ спроведени на терен во здравствените установи*

# Следење на условен буџет во ЈЗУ

- **Доколку здравствената установа не ги изврши планираните здравствени услуги, определени во планот за специфичен вид и обем, Фондот по истекот на секој квартал или шестмесечје ги намалува неискористените средства за таа намена од буџетот на ЈЗУ.**

- **На здравствените установи им се дава можност доколку во наредните квартали остварат обем повисок од предвидениот, односно доколку ги надоместат и здравствените услуги предвидени во Планот за специфичниот вид и обем за изминатите квартали, покрај планираните за тековниот квартал, Фондот им ги враќа претходно намалените средства.**

# Договорени условни буџети со ЈЗУ за 2014 година

- ***Условниот буџет за 15 ЈЗУ за 2014 г. ( специфичен вид и обем на здравствени услуги) е во вкупна вредност од над 590 милиони***

- ***Во споредба со 2013 година вредноста на условните надоместоци е зголемена за 202,8 милиони денари односно за 52.3 %***

- ***За 2014 година се утврдени договори со нови 4 ЈЗУ( УК за кардиологија, УК за пулмологија и алергологија, за УК за дигестивна хирургија и со УК за психијатрија***

# УСЛОВНИ НАДОМЕСТОЦИ - НОВИ

- ***За 2014 година се утврдени договори со нови 4 ЈЗУ***
- ***УК за кардиологија –*** ресинхронизациона терапија на срцето, транскатетер аортнавалвуларна инплантација
- ***УК за пулмологија и алергологија,*** концентратори за оксигенска терапија
- ***УК за дигестивна хирургија -*** Трансплантација на црн дроб
- ***УК за психијатрија*** треман на шизофренија со лекот рисполете
- **Исто така за УК за детска хирургија новина е воведување на условен буџет и за детска кардиохирургија за 65 пациенти, (покрај трансплантациите)**
- ***Покрај тоа кај останатите ЈЗУ зголемен е бројот на пациентите опфатени со условните буџети- кај фако методите двојно, како и зголемување на бројот на трансплантации за над 30 нови трансплантации.***

| Реден број | ЈЗУ | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 2014 | УСЛОВЕН БУЏЕТ ЗА 2014 | Број на пациенти |
|---|---|---|---|---|
| 1 | УК за неврологија | 209.000.000 | 131.467.132 | за 225 лица со мултипна склероза |
| 2 | УК за ревматологија | 75.000.000 | 34.800.000 | за 110 лица на ревматоиден артрит со специфична терапија |
| 3 | УК за хематологија | 328.000.000 | 17.011.933 | за 30 трансплантации на коскена срцевина |
| 4 | УК за детски болести | 321.000.000 | 104.202.600 | 50 за цистична фиброза и 100 деца за хормон за раст |
| 5 | УК за урологија | 133.000.000 | 67.985.666 | за 60 трансплантации на бубрези и тоа 40 од жив дартител и 20 од кадавер |
| 6 | УК за тораковаскуларна хирургија | 102.000.000 | 20.587.696 | 172 пациенти за тораковаскуларни интервенции и вградување на 40 за импланти на дојка по мастектомија |
| 7 | УК за детска хирургија | 119.000.000 | 52.977.898 | за 5 транспл. на бубрези, 2 транспл. на црн дроб и 65 кардиоторакални/васкуларни процедури на деца до 18 г |
| 8 | УК за уво, нос и грло | 66.200.000 | 6.628.000 | за 6 пациенти за вградување на кохлеарни импланти |
| 9 | УК за очни болести | 76.000.000 | 54.060.000 | за 2.500 оперативни зафати на катаракта со фако метода |
| 10 | ГОБ 8-ми Септември | 600.000.000 | 55.100.191 | за 2.000 оперативни зафати на катаракта со фако метода |
| 11 | УК за пластична и реконструктивна хирургија | 61.600.000 | 2.169.000 | за 40 импланти на дојка по мастектомија или вроден недостиг и 7 реконст. на дојка со имплант и експандер по мастектомија |
| 12 | УК за кардиологија | 320.000.000 | 22.345.000 | за 50 ресинхр. Терапии CRT-R I SRT-D на срце и 5 процедури на срцева валвула со пумпа |
| 13 | УК за пулмологија и алергологија | 61.700.000 | 1.680.000 | за 50 концентратори за оксигена терапија |
| 14 | УК за дигестивна хирургија | 165.000.000 | 15.500.000 | за 5 трансплантации на црн дроб |
| 15 | УК за психијатрија | 48.500.000 | 3.500.000 | за 20 пациенти со депо препарат гисполепт конста |
| | ВКУПНО | 2.686.000.000 | 590.015.116 | Учество на вкупниот буџет на 15 ЈЗУ и условните буџети 20,6% |
| | ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА ЈЗУ ЗА 2014 | 12.888.181.000 | 590.015.116 | Учество на условен буџет во вкупен буџет на сите ЈЗУ 4,58% |

# Учество на договорени условни буџети во вкупниот буџет на ЈЗУ за 2014 година

**ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА СИТЕ ЈЗУ ЗА 2014**

**неусловен 95,42 и условен 4,58**




**2. ВКУПЕН БУЏЕТ ЗА 15 ЈЗУ СО УСЛОВЕН ДН - условен 20,6%**



# Преглед на договорени условни буџети за 2012, 2013 и 2014 година

| | ЈЗУ | 2012 | | 2013 | | 2014 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Назив на ЈЗУ | Вкупно Интервенции/ лица | Вкупен износ на ДН | Вкупно Интервенции/ лица | Вкупен износ на ДН | Вкупно Интервенции/ лица | Вкупен износ на ДН |
| 1 | УК за неврологија | 205 | 89.702.748 | 209 | 121.467.132 | 225 | 131.467.132 |
| 2 | УК за ревматологија | 85 | 23.293.500 | 100 | 31.800.000 | 110 | 34.800.000 |
| 3 | УК за хематологија | 23 | 13.640.959 | 25 | 14.711.933 | 30 | 17.011.933 |
| 4 | УК за детски болести | 140 | 87.745.380 | 150 | 95.202.600 | 150 | 104.202.600 |
| 5 | УК за урологија | 26 | 22.096.422 | 35 | 25.985.666 | 60 | 67.985.666 |
| 6 | УК за тораковаскуларна хирургија | 281 | 33.050.613 | 172 | 17.587.696 | 212 | 20.587.696 |
| 7 | УК за детска хирургија | 8 | 5.663.350 | 7 | 4.977.898 | 72 | 52.977.898 |
| 8 | УК за уво, нос и грло | 5 | 5.535.000 | 4 | 4.428.000 | 6 | 6.628.000 |
| 9 | УК за очни болести | 596 | 16.229.400 | 1000 | 27.060.000 | 2.500 | 54.060.000 |
| 10 | ГОБ 8-ми Септември | 840 | 24.910.836 | 1470 | 43.600.191 | 2.000 | 55.100.191 |
| 11 | УК за пластична и реконструктивна хирургија | | | 10 | 369.000 | 47 | 2.169.000 |
| 12 | УК за кардиологија | | | | | 55 | 22.345.000 |
| 13 | УК за пулмологија и алергологија | | | | | 50 | 1.680.000 |
| 14 | УК за дигестивна хирургија | | | | | 5 | 15.500.000 |
| 15 | УК за психијатрија | | | | | 20 | 3.500.000 |
| | ВКУПНО | | 321.868.208 | | 387.190.116 | | 590.015.116 |

# Придобивки од воведување на условни буџети во ЈЗУ

- ***се стимулираа здравствените установи да ги обезбедат оние услуги кои беа дефицитарни или несоодветно планирани и особено трансплантациите***
- ***на осигурените лица им се обезбедија одредени услуги во зголемен обем и квалитет, вклучително и современи методи на лекување со современа терапија и апаратура***
- ***се намалија и листите за чекање за одреде здравствени услуги***



# Придобивки од воведување на условни буџети во ЈЗУ

- ***се зголеми одговорноста на конкретните ЈЗУ и се стимулираа директорите и докторите за отчетност и оправдување на сработеното***

- ***се зајакна улогата на Фондот како стратешки купувач на здравствени услуги***



# Повеќе информации на веб страната: [www.fzo.org.mk](http://www.fzo.org.mk)

Или на бесплатниот телефонски број **080033222** секој работен ден од 8.30 до 20.00 и на мобилен **076/ 339-180** од 12.00 до 20.00 часот (мобилна дежурна служба)

- **Активностите и новините од ФЗОМ  отсега можетеда ги прочитате и на нашиот профил на** **Facebook** Пронајдете не и кликнете **Like** за да не следите!